РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
ДИМИТАР МАКЕДОНСКИ
Бр. 01-396/1
04.07 2023 год.
ОПШТИНА АЕРОДРОМ - СКОПЈЕ

# ИЗВЕШТАЈ за Самоевалуација на ООУ „Димитар Македонски“, о. Аеродром- Скопје

## за период 2021/2022-2022/2023 година

ООУ „Димитар Македонски“
Сонце и љубов за сите деца

# Содржина

Училишна комисија за самоевалуација ..... 2
Општи податоци за училиштето ..... 3
Извештај од спроведената самоевалуација ..... 4
Подрачје 1: Наставни планови и програми ..... 6
Подрачје 2: Постигнувања на учениците ..... 7
Подрачје 3: Учење и настава ..... 9
Подрачје 4: Поддршка на учениците ..... 11
Подрачје 5: Училишна клима ..... 12
Подрачје 6: Ресурси ..... 14
Подрачје 7: Управување, раководење и креирање политика ..... 15

## Училишна комисија за самоевалуација

1. Марина Спасовска , директор
2. Татјана Алексова-Славковска, психолог
3. Татјана Трајковска, педагог
4. Марија Гаврилоска Трајковска, дефектолог
5. Маја Христова, одделенски наставник
6. Ирена Стерјовска, родител

## Општи податоци за училиштето

| *Период на самоевалуација* | **2021- 2023 година** |
| ---: | --- |
| *Вид на училиште* | Општинско основно училиште |
| *Основач* | Општина Аеродром |
| *Наставен јазик* | македонски |
| *Претседател на Училишен одбор* | Биљана Леова |
| *Директор на училиштето* | Јулијана Тодоровска |
| *Адреса на училиштето* | Ул. „Ѓуро Малешевац“ бр.2 |
| *E- mail* | dimitar_makedonski@yahoo.com |
| *Web страна* | oudimitarmakedonski.edu.mk |

ООУ „Димитар Македонски“
Сонце и љубов за сите деца
ООУ „Димитар Македонски“
општина Аеродром, Скопје
ул. „Ѓуро Малешевац’ бр. 2
тел. 02 2440011
e-mail:direktor@oudimitarmakedonski.edu.mk;dimitar_makedonski@yahoo.com
web site: www.oudimitarmakedonski.edu.mk

# Извештај од спроведената самоевалуација

## Резиме

Врз основа на член 129, став 2 од Законот за основно образование (Сл.весник на РСМ бр. 161/08), Комисијата за изготвување самоевалуација на работата на ООУ „Димитар Македонски“, за периодот од јуни, 2019 год. до јуни, 2021 год. изврши самоевалуација на работата во училиштето. Во текот на работата, СЕУ тимовите остварија средби и разговори и со сите вработени во училиштето. Се изврши проверка на потребната документација и од неа се користеа повеќе податоци. Исто така беа спроведени анкети и интервјуа со учениците, наставниците, директорот, стручните соработници и родителите. Сите добиени податоци беа анализирани и врз нивна основа се донесе следниот извештај.

За изготвување на СЕУ, беа користени насоките од Законот за основно образование и индикаторите за квалитетот на работата на училиштето изготвени од МОН и ДПИ (од 2019 год.)

Целта на СЕУ е со конкретни анализи и осврти на сите области на работење на училиштето да се добие слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето, јаките, но и слаби страни, за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување. Очекуваме, вооченитe слабости да ги мотивираат сите учесници во наставниот процес (дидектни или индиректни) да ги вложат сопствените капацитети и искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето. На тој начин ќе се придонесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно образовниот процес. СЕУ ги издвојува и приоритетните области на делување за унапреување и осовременување на наставните и воннаставните активности. Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е слабите страни да надминуваат, а јаките да се одржуваат и зголемуваат.

ООУ „Димитар Македонски“
општина Аеродром, Скопје
ул. „Ѓуро Малешевац’ бр. 2
тел. 02 2440011
e-mail:direktor@oudimitarmakedonski.edu.mk;dimitar_makedonski@yahoo.com
web site: www.oudimitarmakedonski.edu.mk

**СЕУ ја опфаќаат седум порачја:**

1. Наставни планови и програми
2. Постигнување на учениците
3. Учење и настава
4. Поддршка на учениците
5. Училишна клима
6. Ресурси
7. Управување, раководење и креирање политика

## Подрачје 1: Наставни планови и програми

### Индикатори

1.1. Реализација на наставните планови и програми
1.2. Квалитет на НПП
1.3. Воннаставни активности

### Јаки страни

- Наставниот кадар и стручните соработници ги идентификуваат образовните потреби на учениците и преземаат активности за нивно остварување.
- Одлична соработка меѓу стручните соработници, наставниците и родителите при изготвување ИОП за децата со ПОП (вклучувајќи континуирано следењена програмите според можностите и потребите на детето)
- Учениците и наставниците редовно и масовно учествуваат на натпревари и конкурси на сите нивоа и во сите области и постигнуваат високи резултати.

### Слаби страни

- Поголемо вклучување на учениците во планирањата и во изборот на воннаставните активности кои ќе бидат дел од годишната програма за работа на училиштето.

### Приоритетни подрачја (идни активности)

- Вклучување на учениците во давање предлози за избор на воннаставни активности кои што се вклучени во годишната програма за работа на училиштето.

ООУ „Димитар Македонски“
општина Аеродром, Скопје
ул. „Ѓуро Малешевац‘ бр. 2
тел. 02 2440011
e-mail:direktor@oudimitarmakedonski.edu.mk;dimitar_makedonski@yahoo.com
web site: www.oudimitarmakedonski.edu.mk

# Подрачје 2: Постигнувања на учениците

## Индикатори

2.1. Постигања на учениците

2.2. Задржување/осипување на ученици

2.3. Повторување на учениците

## Јаки страни

- Училиштето располага со  инструменти за собирање и брза и лесна обработка на податоците за постигнувања, редовност и поведение на учениците
- Комлетно обезбеден  кабинет по природни науки, нагледни средства по биологија, хемија и физика за подобрување на наставната програма, квалитетот и знаењето на учениците
- Постојано унапредување на наставниците преку обуки, семинари, курсеви, проекти и дисеминација
- Училиштето има своја веб и фб страна на која се промовираат постигањата и активностите во училиштето
- Масовно учество на  конкурсите и натпревари на општинско, регионално и државно ниво

## Слаби страни

- Училиштето располага со 13 таблети кои се користат за потребите на наставата. Нема информатички кабинет опремен со функционални компјутери кои би се користеле не само по предметите информатика, техничко, техничко и информатика, туку и за потребите на наставата по другите предмети. Овие таблети не ги задоволуваат потребите за индивидуална практична работа на учениците на компјутер.

**Приоритетни подрачја (идни активности)**

- Предметна настава има потреба од подобрување и обезбедување на компјутери кои ќе послужат за квалитетна и континуирана настава на учениците од 5 до 9 одделение.
- Да се обезбеди поголема финансиска поддршка за котизација за учество на натпревари.

## Подрачје 3: Учење и настава

### Индикатори

3.1. Планирања на наставниците

3.2. Наставен процес

3.3. Искуства на учениците од учењето

3.4. Задоволување на потребите на учениците

3.5 Оценувањето како дел од наставата

3.6. Известување за напредокот на учениците

### Јаки страни

- Сите наставници се соодветно обучени за користење на компјутерска техника и разновидни образовни портали како и електронски дневник.
- Во процесот на поучување и учење се користат разновидни современи методи на интеракција со учениците, со цел учениците да се стекнат со трајни знаења.
- Советодавната работа од страна на стручните соработници е континуирана во текот на целата учебна година и е во согласност според пропишаните процедури.
- Навремено информирање на учениците и родителите за напредувањето на учениците и за постигнатиот успех.

### Слаби страни

- Нема соодветнао опремена просторија, која ќе ја користат наставниците за завршување на административните обврски по завршувањето на часовите.

- Не функционален лифт ,кој би им обезбедил полесен пристап на учениците со посебни потреби за користење на училишната библиотека и училници од вториот кат.

**Приоритетни подрачја (идни активности)**

- Нема соодветнао опремена просторија, која ќе ја користат наставниците за завршување на административните обврски по завршувањето на часовите.

# Подрачје 4: Поддршка на учениците

## Индикатори

4.1. Севкупна грижа за учениците

4.2. Здравје

4.3. Соодветна помош за понатамошно образование на учениците

4.4. Следење на напредокот

## Јаки страни

- Редовно давање помош на повредени ученици и учениците од социјално загрозените семејства.
- За учениците со емоционални потешкотии се води посебна грижа, а главната улога ја преземаат стручните соработници.
- Се почитуваат стандардите за квалитетот на храната што им се нуди на учениците.
- Училиштето навремено им обезбедува на учениците јасни и точни информации за можностите за понатамошно образование.
- За следење на успехот на учениците изработени се Ексел табели кои овозможуваат брзо и точно добивање информации за постигнатиот успех на учениците.

## Слаби страни

- Прозорите и оградата на внатрешните скали на горниот кат треба да се обезбедат заради безбедноста на учениците.
- Голем дел од учениците од предметна настава не се хранат од понудената ужина во училиштето.

## Приоритетни подрачја (идни активности)

- Да се интензивира соработката со родителите по прашањето за пушењето и алкохолот и да се организираат почесто предавања од соодветни институции за последиците од пороците.

## Подрачје 5: Училишна клима

### Индикатори

5.1. Училишна клима и односи во училиштето

- Училиштето има препознатлив имиџ, кој се должи на работна дициплина, коректен однос и воспоставен систем за извршување на работните задачи, современи училници и кабинети.

5.2. Промовирање на постигнувањата

5.3. Еднаквост и правичност

5.4. Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

### Јаки страни

- Во нашето училиште е воспоствен добро организиран ситем на комуникација и соработка .
- Наставниот кадар и учениците земаат масовно и активно учество и постигнуваат успех на општински, регионални, државни и меѓународни натпреварии, постигнувањата ги објавува на веб и ФБ страната на училиштето .
- Училиштето посветено работи на прифаќање и промовирање на мултикултурализмот
- Соработката со Црвениот крст е редовна и на високо ниво.

### Слаби страни

- Вработените во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици како и кон учениците со посебни образовни потреби кои се активно вклучени во наставата, но не се ангажираат да ги вклучат во вонннаставните активности.

ООУ „Димитар Македонски“
општина Аеродром, Скопје
ул. „Ѓуро Малешевац’ бр. 2
тел. 02 2440011
e-mail:direktor@oudimitarmakedonski.edu.mk;dimitar_makedonski@yahoo.com
web site: www.oudimitarmakedonski.edu.mk

**Приоритетни подрачја (идни активности)**

- Вработените во училиштето подеднакво се однесуваат кон сите ученици како и кон учениците со посебни образовни потреби кои се активно вклучени во наставата, но не се ангажираат да ги вклучат во воннаставните активности.

## Подрачје 6: Ресурси

### Индикатори

6.1. Сместување и просторни капацитети

6.2. Наставни средства и материјали

6.3. Обезбедување на потребниот наставен кадар

6.4. Следење на развојните потреби на наставниот кадар

6.5 Финансиско работење во училиштето

### Јаки страни

- Опременост со интерактивни средства  и целосна покриеност со интернет мрежа;
- Има меѓусебна соработка на стручни соработници и соработка со наставниот кадар.

Прифаќање на новиот наставен кадар и професионална поддршка.

### Слаби страни

- Во новата училишна зграда има нефункционален лифт кој е предвиден за ученици со телесни пречки во развојот.
- Во новата училишна зграда има недостиг на помошни простории и училници за изведување на практични обуки и вонНаставни активности.

### Приоритетни подрачја (идни активности)

- Да се обезбедат помошни простории за одредени активности.

## Подрачје 7: Упрвување, раководење и креирање политика

### Индикатори

7.1. Управување и раководење со училиштето

7.2. Цели и креирање на училишната политика

### Јаки страни

- Воспоставени се партнерски односи, тимска работа, организираност, грижа за учениците и вработените,
- Уредно и навремено водење на административните работи (УО);
- Почитување и спроведување на законската регулатива;
- Изготвување и примена на документи за правилно спроведување на училишната политика.

### Слаби страни

- Нередовно објавување на одлуките на УО на огласна табла.

### Приоритетни подрачја (идни активности)

- Редовно да се објавуваат одлуките на УО на огласна табла.

ООУ „Димитар Македонски“
општина Аеродром, Скопје
ул. „Ѓуро Малешевац’ бр. 2
тел. 02 2440011
e-mail:direktor@oudimitarmakedonski.edu.mk;dimitar_makedonski@yahoo.com
web site: www.oudimitarmakedonski.edu.mk

Датум

Јули, 2023

**Комисија за самоевалуација**

Марина Спасовска, ____________________
(директор)

Татјана Алексова- Славковска, ____________________
(психолог)

Татјана Трајковска, ____________________
(педагог)

Марија Гаврилоска Трајковска, ____________________
(дефектолог)

Маја Христова, ____________________
(одделенски наставник)

Ирена Стерјовска, ____________________
(родител)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
ДИМИТАР МАКЕДОНСКИ
Бр. 02-400/3
04.07 2023 год.
ОПШТИНА АЕРОДРОМ - СКОПЈЕ

Врз основа на член 129 од Законот за основно образование (Службен весник на РСМ бр. 161 од 05.08.2019 година), Училишниот одбор на ООУ „Димитар Македонски" на седницата одржана на ден 04.07.2023 година ја донесе следнава:

# О Д Л У К А

## за усвојување на Извештај од самоевалуација на училиштето во учебната 2021/2022 и 2022/2023 година

**СЕ УСВОЈУВА** Извештај од самоевалуација за учебна 2021/22 и 2022/2023 година на Општинското основно училиште „Александар Македонски" – Скопје.

Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

Претседател на УО
Владимир Димовски

Скопје,
04.07.2023 година